Здружение на општини-ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ
НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ - ЗЕЛС
Бр. 0307-1566
17.12 2012 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

во Скопје на 17 декември 2012 г.

Склучен помеѓу

Заедницата на единиците на
Локалната самоуправа на Република Македонија –ЗЕЛС
Претставувана од Претседателот г.Коце ТРАЈАНОВСКИ

и

Независниот синдикат на пожарникарите на Р.М –НСПМ
Претставуван од Претседателот г.Тони БОШКОВСКИ
во следната содржина

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Член 1

Независниот синдикат на пожарникарите на Република Македонија (во натамошниот текст НСПМ) и Заедницата на единиците на Локалната самоуправа на Република Македонија –ЗЕЛС изразуваат желба и целосна подготвеност, во духот на воспоставување на социјален и професионален работно-правен дијалог да разговараат, преговараат и да се договорат за сите прашања кои се од нивна надлежност.

Член 2

НСПМ се обврзува за сите прашања и проблеми од економско-социјалната и професионалната сфера и ангажманот на своите членови , најнапред да покренува иницијатива за барање на заеднички решенија пред надлежните субјекти на локалната самоуправа. Доколку тие активности не доведат до посакуваното решение, НСПМ се обврзуваат за тие прашања и проблеми да покрене иницијатива и барање до ЗЕЛС.

Член 3

ЗЕЛС се обврзува преку единиците на локалната самоуправата, во согласност со законите на Република Македонија и меѓународните конвенции што ги има ратификувано Република Македонија во делот на економско-социјалните и работно правните односи, да се воспостави социјален и работно правен дијалог и партнерство помеѓу НСПМ и органите на управување и раководење во установите наведени во чл.1 од овој Меморандум.

Член 4

ЗЕЛС се обврзува преку единиците на локалната самоуправата согласно чл.3 од овој Меморандум да воспостават социјален и работно правен дијалог и партнерство со Синдикалните подружници на НСПМ при локалните територијални единици соодветно со конкретните единици на локалната самоуправа.

Член 5

НСПМ и ЗЕЛС се обврзуваат да воспостават социјален и работно правен дијалог и партнерство врз основа на целосно почитување на принципот на заемна доврба и почитување со максимална коректност и конструктивност во поставувањето на прашањата и проблемите и во барањето на решение за нивното разрешување.

Член 6

НСПМ се обврзува дека во се ке го почитува Законот за пожарникарство и Правилникот од МВР 17.2-4424/1 од 19.07.2005 г. и дека ќе се воздржува од превземање на порадикални активности и мерки се додека не бидат исцрпени сите предходни можности за изнаоѓање на взаемно прифатливи решенија.

Член 7

ЗЕЛС се обврзува, за одредени прашања и проблеми кои се од заеднички интерес а се во надлежност на органите на централната власт и Дирекцијата за заштита и спасување, заеднички со НСПМ да бараат изнаоѓање на возможно реално и прифатливо решение.

Член 8

НСПМ и ЗЕЛС се обврзуваат на воспоставување на редовна комуникација за сите прашања и проблеми кои се од заедничка надлежност и интерес.

Член 9

НСПМ се обврзува овој Меморандум дека ќе ги биде почитуван и применуван од сите синдикални организации, органите и телата во составот на НСПМ на национално ниво.

Член 10

ЗЕЛС се обврзува дека ќе даде препорака овој Меморандум да биде почитуван и применуван од сите единици на локалната самоуправа и органите и телата на ЗЕЛС.

страни потписнички

Независен синдикат на пожарникарите,
на Р. Македонија – НСПМ
Претседател

Тони БОШКОВСКИ

Заедница на единиците на локаллната
самоуправа на Р. Македонија-ЗЕЛС
Претседател

Коце ТРАЈАНОВСКИ